Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 127/15, 192/15, 39/16 и „Службен Весник на РСМ“ бр. 99/18, 176/21, 89/22 и 171/22), Општина Битола, на ден 14.10.2022 година, донесе:

## ОДЛУКА ЗА НЕСПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА

1. За планско-проектната документација Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на водоводна инфраструктура до с.Брусник, Општина Битола, кој се носи согласно потврда за заверка на проектна програма бр. 30-1368/1 од 29.08.2022 год., **не е потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина** согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Општина Битола, www.bitola.gov.mk**

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од чл. 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планско-проектниот документ за **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на водоводна инфраструктура до с.Брусник, Општина Битола**, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: истото претставува поставување на инфраструктура која е основен елемент за живот, се поставува подземно и во трасата на веќе постоечка сообраќајна инфраструктура. Земјиштето согласно член 54 став (4) од Законот за урбанистичко планирање го задржува статусот што го имало и пред одобрувањето на урбанистичкиот проект. Пред изведбата задолжително е изработка на елаборат за заштита на животната средина кој согласно Уредба за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен Градоначалникот на Општината, Градоначалникот на градот Скопје и Градоначалникот на општините во градот Скопје (Службен весник на РМ бр.80/09).

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до **Министерството за животна средина и просторно планирање** во рок од 15 дена од денот на објавувањето на веб страната.

Бр.08-1116/22 од 14.10.2022

Општина Битола

ГРАДОНАЧАЛНИК

**Тони Коњановски**

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на водоводна инфраструктура до с. Брусник Општина Битола |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Битола |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Градоначалник на Општина Битола |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Снежана Бутлевска Василевска, д.и.а. |
| Назив на работното место | Овластен планер, овл.бр.0.0396 |
| Контакт податоци за лицето | Снежана Бутлевска Василевска, диа, |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр: 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ. бр. 225/20, 219/21 и 104/22), а во врска со чл. 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ Бр. 32/20) | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| **ДА** / НЕ | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| / | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| НЕ | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| ДА / **НЕ** | | | |
| Член: / | Точка: / | Алинеја:/ | |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| НЕ, предметниот опфат за прв пат се врши урбанизација врз основа на Просторен план на РМ | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| НЕ | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** | | | |
| Целта на донесување на урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план е изградба на водоводна ифраструктура со која ќе се овозможи водоснабдување и поврзување на селото Брусник со градот Битола | | | |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** | | | |
| Инфраструктура | | | |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** | | | |
| 2022 година. | | | |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** | | | |
| Не е предвидено ревидирање | | | |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** | | | |
| Проектниот опфат со површина од 0.36ха се наоѓа на територијата на Општина Битола, односно КО Брусник на надморска висина во интервал од 732 до 805 метри. Истиот се протега од граница на ГУП на Град Битола до граница на Општ акт засело Брусник.<br>Границата на проектниот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки по Х и У координати: | | | |

| Точка | X - координата | Y - координата | Позиција |
|---|---|---|---|
| 1. | X=7525246.2985 | Y=4543213.9512 | најсеверна точка<br>најисточна точка |
| 2. | X=7525242.9900 | Y=4543206.6100 | |
| 3. | X=7525225.7400 | Y=4543200.1400 | |
| 4. | X=7525224.9900 | Y=4543199.9200 | |
| 5. | X=7525207.0900 | Y=4543195.9400 | |
| 6. | X=7525205.6100 | Y=4543195.6100 | |
| 7. | X=7525185.0000 | Y=4543191.0400 | |
| 8. | X=7525182.8900 | Y=4543190.5700 | |
| 9. | X=7525182.4000 | Y=4543190.4600 | |
| 10. | X=7525171.6400 | Y=4543188.0700 | |
| 11. | X=7525170.8200 | Y=4543187.8900 | |
| 12. | X=7525170.1000 | Y=4543187.7300 | |
| 13. | X=7525169.3400 | Y=4543187.5600 | |
| 14. | X=7525139.9900 | Y=4543181.0500 | |
| 15. | X=7525139.4600 | Y=4543180.9300 | |
| 16. | X=7525138.5200 | Y=4543180.6900 | |
| 17. | X=7525109.8400 | Y=4543173.3700 | |
| 18. | X=7525045.3500 | Y=4543162.1300 | |
| 19. | X=7525035.3500 | Y=4543156.3600 | |
| 20. | X=7525003.7800 | Y=4543130.6700 | |
| 21. | X=7525002.1200 | Y=4543129.2300 | |
| 22. | X=7525001.0900 | Y=4543128.3400 | |
| 23. | X=7524999.9900 | Y=4543127.3900 | |
| 24. | X=7524990.2600 | Y=4543118.9700 | |
| 25. | X=7524988.1300 | Y=4543117.1200 | |
| 26. | X=7524965.6700 | Y=4543097.6700 | |
| 27. | X=7524911.9900 | Y=4543051.3000 | |
| 28. | X=7524899.1500 | Y=4543040.3600 | |
| 29. | X=7524877.7300 | Y=4543020.1800 | |
| 30. | X=7524855.7800 | Y=4542996.6900 | |
| 31. | X=7524826.0300 | Y=4542967.6500 | |
| 32. | X=7524814.8300 | Y=4542960.1000 | |
| 33. | X=7524811.7600 | Y=4542958.4600 | |
| 34. | X=7524811.0000 | Y=4542958.2100 | |
| 35. | X=7524764.0800 | Y=4542942.4300 | |
| 36. | X=7524754.8700 | Y=4542939.6600 | |
| 37. | X=7524740.2500 | Y=4542933.6000 | |
| 38. | X=7524725.5200 | Y=4542928.8000 | |
| 39. | X=7524718.2200 | Y=4542924.0200 | |
| 40. | X=7524710.6500 | Y=4542916.9300 | |
| 41. | X=7524701.8700 | Y=4542903.0500 | |
| 42. | X=7524691.4300 | Y=4542890.1000 | |
| 43. | X=7524655.8400 | Y=4542841.6300 | |
| 44. | X=7524631.6500 | Y=4542807.9900 | |
| 45. | X=7524622.4400 | Y=4542790.6100 | |
| 46. | X=7524605.3900 | Y=4542757.5400 | |
| 47. | X=7524600.3436 | Y=4542747.3637 | најјужна точка |
| 48. | X=7524595.5001 | Y=4542749.3988 | најзападна точка |
| 49. | X=7524612.1039 | Y=4542779.7004 | |
| 50. | X=7524615.3726 | Y=4542785.8778 | |
| 51. | X=7524625.3871 | Y=4542805.4889 | |
| 52. | X=7524629.3384 | Y=4542811.9119 | |
| 53. | X=7524704.8943 | Y=4542916.1995 | |
| 54. | X=7524726.5441 | Y=4542933.1790 | |
| 55. | X=7524735.1406 | Y=4542936.6761 | |
| 56. | X=7524744.7378 | Y=4542940.2962 | |
| 57. | X=7524750.2452 | Y=4542942.2138 | |
| 58. | X=7524756.8917 | Y=4542944.5409 | |
| 59. | X=7524805.9817 | Y=4542961.2906 | |
| 60. | X=7524825.9280 | Y=4542973.6925 | |
| 61. | X=7524880.3267 | Y=4543028.5209 | |
| 62. | X=7524892.1862 | Y=4543039.6297 | |
| 63. | X=7525000.1117 | Y=4543132.7877 | |
| 64. | X=7525002.3359 | Y=4543134.6519 | |
| 65. | X=7525031.7345 | Y=4543158.5749 | |
| 66. | X=7525055.9217 | Y=4543169.2465 | |
| 67. | X=7525102.7728 | Y=4543176.2301 | |
| 68. | X=7525112.7600 | Y=4543178.2435 | |
| 69. | X=7525158.7711 | Y=4543189.9869 | |
| 70. | X=7525161.7432 | Y=4543190.6973 | |
| 71. | X=7525204.3492 | Y=4543200.1951 | |
| 72. | X=7525218.9229 | Y=4543203.4439 | |

## Местоположба на локацијата и ружа на ветрови







Општинска граница

Катастарска граница



**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

ДА / НЕ

**Дали е приложена копија од целите?**

ДА / НЕ

| Резиме на влијанијата врз животната средина | |
|---|---|
| (Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
| **Имплементацијата на планскиот документ нема битно да влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.** | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата; | Со реализација на планскиот документ ќе се постигне поврзување на водоводната инфраструктура. При реализација на содржините во планскиот опфат предвидени со планската документација особено во контруктивната фаза ќе се генерираат емисии во воздухот од градежните активности и од механицазијата, отпад, бучава, вибрации, несакани истекувања и сл. кои може да предизвикаат негативни влијанија врз здравјето на луѓето, воздухот, почвата, биолошката разновисност, пределот и сл.<br>Овие влијанија се оценуваат како можни, локални, повратни и неповратни, краткорочни влијанија. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Нема |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема прекугранични влијанија |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Нема ризици по животот и здравјето на луѓето |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Предметниот простор е надвор од опфатот на Општ Акт за селото Брусник и надвор од опфатот на ГУП на град Битола |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се**: | |
| Со реализацијата на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за изградба на водоводна инфраструктура до с.Брусник Општина Битола, ќе се предизвикаат позитивни економски ефекти и ќе се подобри инфраструктурната поврзаност и подобри услови за развој на руралните средини с.Брусник | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**<br>Постои економски бенефит кој ќе се оствари со новото планско решение за предметниот простор, односно ќе се подобри квалитетот на живеење во с.Брусник. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Во рамки на проектниот опфат на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план по член 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 32/20) за изградба на водоводна инфраструктура до с. Брусник, Општина Битола, нема |

| | |
|---|---|
| | посебни природни каракетристики поради тоа што станува збор за поставување на инфраструктура, подземно на веќе постоечки локален пат кој се планира да се реконструира. Во однос на заштита на културно наследство, за истото се имаме обратено до Управата за заштита на културно наследство, со што согласно член 47 став (7) за што сеуште се чека мислење. Неиздавањето на мислење не го спречува процесот на изработување и донесување на проектот. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Со реализација на проектот се предвидува изградба на водоводна инфраструктура. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема влијание поради тоа што станува збор за подземна, линиска инфраструктурна градба, во непосредна близина нема заштитени области. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ претставува рамка за спроведување на проекти и други активности во однос на локацијата, природата, големината, условите за работа или според одредување на ресурсите:**

Со планот не се предвидува изградба на објекти за кои е предвидено спроведување на постапка за стратегиска оценка на влијанието врз животната средина (оценка на влијанието врз животната средина).

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Планскиот опфат се наоѓа во непосредна близина на село Брусник и град Битола, Општина Битола. Земјиштето си го задржува својот статус што го имало и пред извршената урбанизација.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**
**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**

Планскиот документ согласно неговите цели го промовира просторниот и економски развој на просторот од аспект на одржлив развој, т.е. го зголемува развојот на с. Брусник.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**

При спроведување на планскиот документ не се зголеми густината на сообраќајната мрежа, не се зголеми фрекфенцијата на сообраќај, не се зголеми потрошувачката на енергија, вода и нема зголемување на потребата од услуги. Со спроведувањето на планскиот документ генерално позитивно ќе се влијае на локалната економија и животната средина.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој / тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Реализацијата на планскиот документ представува донесување на урбанистички проект врз основа на издадени услови за планирање на просторот и Решение од Министерството за животна средина и просторно планирање, Просторен План на Република Северна Македонија.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

За предметниот простор нема важечка урбанистичка документација.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | Градоначалник<br><br>Тони Коњановски |
| Датум<br>Место Битола<br>**08-1116/2022**<br>(да се цитира бр на одлука од совет) | М.П. |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА *